АРХИВСКИ ПРИМЕРОК

СТОМАТОЛОШКА КОМОРА
НА МАКЕДОНИЈА
Бр. 15-433/2
11 04 2018 год
СКОПЈЕ

Арх. знак 1501
Рок на чување 180
11.04 2018 год.
Потпис,

# ЗАПИСНИК ОД ЦЕНТРАЛНА ИЗБОРНА КОМИСИЈА ОДРЖАНА НА 20.03.2018

На седницата закажана од Претседателот на ЦИК д-р Кирил Пецаков присуствуваат и д-р Гоце Бабоски, и д-р Агрон Пашоли. Отсуство најави д-р Данчо Бизески и д-р Јосиф Ристески.

На седницата откако се утврди кворумот за работа се започна со подготовка на избирачкиот материјал и припрема на истиот за да биде доставен до сите избирачки места.

ЦИК уште еднаш напомена дека секој член на изборната комисија ќе добие по 1500 денари дневница , а за оние што ќе го доставаат изборниот материјал ќе им бидат надоместени патните трошоци и дополнително ќе добијат дневница како за секоја комисија , односно 700 денари.

На седницата се изработи и дополнително упаство за денот на изборите:

1. Секој член на СКМ може да гласа ако е на избирачкиот список но притоа мора да приложи важечка лиценца, копија од лиценцата, или решение за продолжување на шест месеци  и важечка лична карта. Притоа податоците од лиценцата или решението и адресата од личната карта треба да се совпаѓаат со податоците во избирачкиот список. Без еден или двата од овие документи не може да се оствари правото на гласање. Во делот каде што пишува важност на лиценца кај одредени доктори оставено е празно – без податоци поради не можност да се најдат податоци. Доколку се приложи валидна лиценца докторот ќе може да го оствари своето право на глас. Доколку го нема во избирачкиот список исто така не е дозволено гласање. Гласањето е лично и тајно.

2. Доколку на копијата или на сликата од лиценца, не се гледаат добро податоците, изборната комисија може да побара од гласачот да ја донесе оргиналната лиценца.

3. Се гласа за онолку кандидати колку што регионот дава делегати во Собранието на СКМ. Ливчето е важечко доколку има гласано за помал број членови кои влегуваат во Собрание но не повеќе од максималниот број на делегати кои тој регион ги дава како членови на Собрание. Во случај да е гласано за повеќе лица отколку што тој регион има претставници во собранието на СКМ, тоа ливче ќе се смета за неважечко.

4. На секое гласачко место потребно е да се обезбедат демократски услови за гласање. И воедно освен избирачкиот одбор (а во одредени избирачки места и набљудувачот од ЦИК) не е дозволено задржување и агитирање на други лица со цел обезбедување мирни и легитимни услови за гласање.

5. Секој избирачки одбор е одговорен за спроведување на фер и демократски избори.

6. ЦИК ги проверува и ги потврдува (или не) текот на изборите давајќи им легитимитет на истите.

7. Гласањето се одвива од 9:00 до 18:00 часот. Потоа избирачките места се затвораат и искористениот и неискористениот материјал се доставува до ЦИК (ливчиња списоци печат записник – ЦЕЛИОТ МАТЕРИЈАЛ)

8. Оние кои гласаат потребно е да се потпишат во избирачкиот список, во графата за потпис.

9. Избирачките списоци кои ќе бидат вратени назад во СКМ, заедно со изборниот материјал, мора да е истиот список кој Ви е доставен , и мора да е истиот оној кој што го има ЦИК, и да се заокружени онолку гласачи колку што се искористени и гласачки ливчиња.

**Претседател на централна изборна комисија**

Д-р Кирил Пецаков